**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2013 ГОДИНА

**Бр.01-470/1**
**20.11.2012 година**
**Скопје**

# СОДРЖИНА

**А. Програма за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2013 година**

**I. Активности на Агенцијата**

1. Издавање дозволи
2. Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата
3. Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата
4. Контрола над активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците
5. Развојни активности на Агенцијата
6. Тековни активности на Агенцијата
7. Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози
8. Соработка со национални државни органи и регулаторни тела
9. Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците

**Б. Финансиски план за Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2013 година**

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ**

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ
РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА
РАСХОДНА СТАВКА 402 – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА
РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ
РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ
РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА
РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ
РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ
РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ
РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ
РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГ И УСЛУГИ
РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ
РАСХОДНА СТАВКА 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ)
РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА
РАСХОДНА СТАВКА 470 - ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТ АТОТ
РАСХОДНА СТАВКА 460 - ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ

Поаѓајќи од превземените обврски на Република Македонија за целосно исполнување на критериумите за интегрирање, како и надлежноста за натамошно уредување, развој на пазарот на железнички услуги што подразбира создавање услови за непречено обезбедување на железничките услуги, како и обезбедување и почитување на правата на корисниците на овие услуги, а врз основа на член 103, став (1), алинеја 6 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12), Управниот одбор на Агенцијата, на предлог на директорот на Агенцијата, на седницата одржана на 19.11.2012 година донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ

**на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2013 година**

Програмата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2013 година како основна активност, согласно Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12), има за цел обезбедување транспарентно работење на управителот на инфраструктурата, железничките превозници и институциите поврзани со работењето на железницата, како и другите учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз. На таа основа, а во согласност со надлежностите и овластувањата утврдени со Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12), работењето на Агенцијата во текот на 2013 година ќе биде засновано врз принципите на законитост, стручност, професионалност, транспарентност и одговорност во работењето.

За унапредување на пазарот на железнички услуги во Република Македонија, Агенцијата во својата работа ги има предвид препораките на Европската Комисија и најдобрите светски практики.

Согласно член 109 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12), Годишната програма за работа и развој на Агенцијата содржи програма за работа и финансиски план за следната година и истите се елаборирани во продолжение.

## А. Програма за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2013 година

### I. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Агенцијата во текот на 2013 година, преку својата програма за работа и развој ќе ги реализира следните активности:

**1. Издавање дозволи**

- Во текот на 2013 година, Агенцијата ќе постапува согласно член 15, 16, 17 и 18 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр.

48/10, 23/11 и 80/12) при издавање на дозволи за вршење на јавен железнички превоз и вршење контрола на издадените дозволи за вршење на јавен железнички превоз.

Рок: континуирано во календарската година

- Во текот на 2013 година, Агенцијата ќе постапува согласно член 20 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12) при издавање на дозволи за вршење на превоз за сопствени потреби и вршење контрола на издадените дозволи за вршење превоз за сопствени потреби.

Рок: континуирано во календарската година

- Во текот на 2013 година, Агенцијата ќе постапува согласно член 21 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12) при издавање на дозволи за управување со железничка инфраструктура

Рок: континуирано во календарската година

**2. Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата**

- Донесување решенија по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата, а во врска со објавата на мрежа, критериумите содржани во објавата на мрежа, процесот на доделување на инфраструктурни капацитети и постигнатите резултати, планот на наплата, висината или структурата на надоместокот за пристап до инфраструктурата која се плаќа или треба да се плати и договорите за пристап согласно член 65 и 99 од Законот за железничкиот систем("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12).

Рок: континуирано во календарската година

**3. Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата**

- Во насока на креирање амбиент кој ќе гарантира исполнување на правото на корисниците за квалитетни железнички услуги, согласно член 97-а и 97-б од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12), особено значајна функционална компонента на надлежностите на Агенцијата е следењето на квалитетот на железничките услуги, односно:
    - Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник,
    - Надзор над квалитетот на давање на железничките услуги од страна на управителот на инфраструктура.

За оваа цел Агенцијата во 2013 година ќе изготви 2 (две) студии за утврдување на медтодологијата за оценување на квалитетот на услугите во железничкиот сектор и тоа:

- Студии за критериуми за квалитет на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците и методологијата за вршење на контрола над квалитетот на дадените услуги, како и образец за мониторинг и доставување на бараните податоци од страна на железничките превозници.
- Студии за критериуми за квалитет на услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедуваат на железничките превозници и методологијата за вршење на контрола над квалитетот на дадените услуги, како и образец за мониторинг и доставување на бараните податоци од страна на управителот на инфраструктурата.

Врз основа на овие студии ќе се донесат 2 (два) правилника со кои ќе се пропише постапката и методологијата за оценување на квалитетот на услугите и тоа:

- Правилник за критериумите за квалитет на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците и методологијата за вршење на контрола над квалитетот на дадените услуги, како и образец за мониторинг и доставување на бараните податоци од страна на железничките превозници.
- Правилник за квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници и методологијата за вршење на контрола над квалитетот на дадените услуги, како и образец за мониторинг и доставување на бараните податоци од страна на управителот на инфраструктурата.

Рок: континуирано во календарската година

**4. Контрола над активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците**

- Почитувањето на правата на патниците, од страна на железничките превозници (во моментов, Македонски железници Транспорт АД Скопје), ќе се следи преку исполнувањето на услугите кои се утврдени во Договорот за вршење јавна патничка услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2011-2013 година. Утврдените услуги се:

1. Безбеден и сигурен превоз на патници од почетната до крајната дестинација

2. Придржување и почитување на возниот ред

3. Одржување на хигиена во возовите

4. Обележување на возот

5. Осветлување на возот

6. Греење на возот (во зимски услови)

7. Истакнување на огласни табли за возен ред во чекалните и пероните

8. Поседување на доволно капацитети во секој момент во зависност од потребата за превоз на патници

Агенцијата, контролата над активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците ќе ги врши согласно член 97 и член 97-а од Законот за железничкиот систем (Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12), а според динамиката определена согласно потребите на пазарот на железничкиот сообраќај.

Рок: континуирано во календарската година

**5. Развојни активности на Агенцијата**

Развојните активности на Агенцијата предвидуваат активности за подигнување на нејзиниот институционален капацитет, обезбедување на потребните хардверски и софтверски решенија за вршење на дејноста, како и соработка со други регулаторни тела на проекти од областите за кои е надлежна Агенцијата.

Во функција на јакнење на институционалниот капацитет на Агенцијата, во текот на 2013 година ќе се:

а) реализира 1 (едно) вработување

- Новото вработување ќе се финансира од сопствени средства на Агенцијата. Бројот на вработени во Агенцијара не е доволен за реализација на предвидените надлежности согласно Законот за железничкиот систем (Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12) и Програмата за работа за 2013 година, поради што е предвидено едно вработување до крајот на 2012 година и едно вработување во текот на 2013 година.

Рок: Јануари 2013 година

б) реализираат обуки за вработените како еден од предусловите за целосна и успешна имплементација на регулаторните функции, но и предуслов за јакнење на капацитетите на самата институција и за создавање на одржлив капацитет кој реално ќе се носи со сите предизвици на железничкиот сектор и ќе може долгорочно да ги реализира приоритетите во оваа сфера.

Рок: континуирано во календарската година

в) реализираат семинари, советувања и работилници, на кои се третираат прашања од области за кои или во кои Агенцијата има надлежности или овластувања.

Рок: континуирано во календарската година

г) користат инструментите за меѓународна помош и подршка во одредени сегменти на функционирањето на Агенцијата.

Рок: континуирано во календарската година

Во функција на јакнење на техничкиот капацитет на Агенцијата, во текот на 2013 година ќе се реализира:

а) Набавка на хардверски и и софтверски решенија за прибирање, обработка и анализа на податоците кои се обезбедуваат од транспортната и инфраструктурната компанија. Овие податоци понатаму ќе се користат за мониторинг на пазарот, за креирање на оптимална организација на работењето и креирање развојни политики во дејноста.

Рок: втора половина на 2013 година

б) Во 2013 година ќе се воспостави електронско водење на архивата на Агенцијата, со цел систематизирано, поажурно и посоодветно управување со документите.

Рок: Март 2013 година

Во насока на унапредување на соработката на Агенцијата со други регулаторни тела ќе се реализира:

а) Учество на билатерални и меѓународни конференции, како и проекти кои ја третираат регулаторната улога на агенциите во сферата на железничкиот превоз

Рок: континуирано во календарската година

## 6. Тековни активности на Агенцијата

- Агенцијата во рамките на законските овластувања ќе обезбеди надоместокот за пристап до инфраструктурата, кој е утврден од управителот на инфраструктурата, да биде транспарентен, недискриминаторски и во согласност со законската регулатива. Истото ќе се спроведе преку следење на актите на инфраструктурната компанија односно објавата на мрежа, возниот ред и договорот за пристап кон инфраструктурата, како и при одлучување во жалбена постапка согласно член 99 од Законот за железничкиот систем.

Рок: континуирано во календарската година

- Агенцијата во текот на своето работење во 2013 година особено внимание ќе посвети на континуирано ажурирање на базата на податоци за учесниците на пазарот на железничките услуги по однос на:

  - Објавата на мрежа;
  - Критериумите содржани во Објавата на мрежа;

- Процесот за распределба на инфраструктурните капацитети и постигнатите резултати;
- Договорот за пристап на железничката инфраструктура и
- Други случаи со кои се осигурува пристап и користење на железничката инфраструктура.

Рок: континуирано во календарската година

– Ажурирање на регистарот на акти и прописи од делокругот на работењето на Агенцијата, како и регистар на постоечките директиви на ЕУ од областа на железниците.

Рок: континуирано во календарската година

- Преземање активности во согласност со член 97 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11 и 80/12) во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем, по однос на:

  - Почитување на правата на патниците во железничкиот сообраќај,
  - Во случај на неправично и дискриминаторско однесување на управителот на инфраструктурата и секој превозник или барател на капацитет и доделување на траса, инфраструктура и услугите за наплата,
  - Во случај на неправично и дискриминаторско користење и толкување на Објавата на мрежа и рамковните договори,
  - Во случај на наплата на надоместок при заситена инфраструктура, ако планот за капацитети не може да се исполни или понудените планови се неекономични и финансиски неисплатливи,
  - Во случај на пристап и користење на приватни колосеци, патнички и товарни терминали и други железнички линии и инсталации за кои се потребни договори меѓу еден или повеќе превозници и управител на инфраструктура,
  - Други прашања по барање на релевантни институции од областа на железниците.

Рок: континуирано во календарската година

**7. Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози**

- Агенцијата во рамките на своите активности ќе изработува анализи, елаборати, студии, методологии и мислења од областа на железниците. При тоа, планирана е изработка на:

а) Методологија за оценување на нивото на квалитетот на услуги кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници, утврдена врз основа на критериумите за квалитет

Рок: Април 2013 година

б) Методологија за оценување на нивото на квалитетот на услуги кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците, утврдена врз основа на критериумите за квалитет

Рок: Април 2013 година

в) Студија за мониторинг на пазарот на железничките услуги и анализа на неговата конкурентност во однос на патниот сообраќај

Рок: Април 2013 година

Овие студии беа предвидени за 2012 година, но не беа реализирани заради ненавремено и нецелосно исполнување на финансиските обврски на транспортната и инфраструктурната компанија кон Агенцијата. Од таа причина, наведените студии е предвидено да се реализираат во текот на 2013 година.

- Агенцијата ќе го набљудува, односно анализира пазарот на железнички услуги. Анализата ќе се врши врз основа на статистички податоци доставени од сите учесници во железничкиот сообраќај. Истата ќе биде во функција како за потребите на Агенцијата за остварување на нејзините надлежности, така и за согледување на развојот на пазарот на железнички услуги;

Рок: континуирано во календарската година

- Во текот на 2013 година, Агенцијата ќе спроведе анкета за почитување на патниците во превозот со железница и анализа на искуството и задоволството на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз.

Рок: Октомври 2013 година

- Во текот на 2013 година Агенцијата, врз основа на тригодишното истражување за почитувањето на правата на патниците и задоволство на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз, ќе изготви Извештај во кој ќе биде анализирано задоволството на патниците од добиените услуги и ќе се направи пресек на постоечката состојба во патничкиот железнички сообраќај.

Рок: Ноември од 2013 година

**8. Соработка со национални државни органи и регулаторни тела**

- Агенцијата врз основа на искуствата од соработката со европските регулаторни агенции од областа за железниците, ќе доставува предлози за потребата од донесување на нови законски решенија или измена на постоечките, а со цел во Република Македонија да се подобрат условите на пазарот на железнички услуги.

Рок: континуирано во календарската година

- Агенцијата ќе продолжи да остварува соработка со останатите регулаторни тела во Република Македонија, заради размена на искуства, особено во поглед на операционализацијата и практикувањето на регулаторната улога.

Рок: континуирано во календарската година

**9. Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците**

- Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е рамноправен член на работната група на регулаторните тела од областа на железниците, во рамките на Европската комисија (DG MOVE) и во текот на 2013 година ќе продолжи активно да учествува во нејзината работа.

Рок: континуирано во календарската година

- Агенцијата е член на IRG Rail независна група на регулаторни тела за железници на Австрија, Хрватска, Данска, Естонија, Франција, Германија, Унгарија, Летонија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Шведска, Швајцарија и Велика Британија. Целта на оваа група на регулаторни тела е да се интензивира соработката помеѓу регулаторите во Европа, која пак ќе придонесе за промовирање на одржлив и ефикасен железнички сектор и развој на Европскиот железнички пазар. Во рамките на IRG-Rail формирани се 5 работни групи кои работат во областа на:
    - Таксата за пристап кон железничката инфраструктура;
    - Економската рамнотежа поврзана со надоместокот и трошоците за услуги од јавен интерес во патничкиот железнички сообраќај;
    - Преоценување и дополнување (recast) на директивите од областа на железницата;
    - Мониторинг на пазарот на железнички услуги и
    - Железнички товарни коридори.

- Агенцијата ќе продолжи активно да учествува на состаноците организирани од страна на Југоисточната транспортна опсерваторија (SEETO) и во 2013 година;

Рок: континуирано во календарската година

- Агенцијата како потписник на Меморандум за разбирање и соработка меѓу регулаторните тела за железници на Словенија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Албанија во 2013 година ќе ја продолжи соработката во насока на примена на најдобрите искуства, а во согласност со развојот и условите на пазарот на железнички услуги.

Рок: континуирано во календарската година

- Потпишување на Имплементационен договор помеѓу Агенцијата и регулаторното тело за железници на Република Косово, а врз основа на член 14 од Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Косово за гранично регулирање на железничкиот сообраќај (Службен весник на РМ бр 25/12-2).

Рок: Втора половина од 2013 година

**Прилог:**

**Табеларен приказ на динамика на активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2013 година**

**ПРИЛОГ 1**

| ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДИНАМИКАТА НА РАБОТНИТЕ АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2013 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Активност | јануари | февруари | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
| 1 | **Издавање дозволи согласно Законот за железнички систем** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2 | **Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 3 | **Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги кои ги обезбедуваат железничките превозници и управителот на инфраструктурата** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 4 | **Контрола над активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 5 | **Развојни активности на Агенцијата** | | | | | | | | | | | | |
| Обуки на вработените, семинари, советувања, работилници | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Нови вработувања | | √ | | | | | | | | | | | |
| Започнување постапка за набавка на хардвер и софтверски решенија, за прибирање, | | | | | | | | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| обработка и анализа на податоците кои се обезбедуваат од транспортната и инфраструктурната компанија | | | | | | | | | | | | |
| Воспостави електронски систем на водење на архивата | √ | | | | | | | | | | | |
| Учество на билатерални и меѓународни конференции | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 6 **Тековни активности на Агенцијата во 2013 година** | | | | | | | | | | | | |
| Обезбедување транспарентен, недискриминаторски и законски надоместок за пристап до инфраструктурата кој е утврден од управителот на инфраструктурата | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Континуирано ажурирање на базата на податоци за учесниците на пазарот на железничките услуги | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Преземање на активности во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Ажурирање на регистарот на акти и прописи од делокругот на работењето на Агенцијата, како и регистар на постоечките директиви на ЕУ од областа на железниците | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 7 **Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози** | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Методологија за оценување на нивото на квалитетот на услуги кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници, утврден врз основа на критериумите за квалитет | | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | | |
| | Методологија за оценување на нивото на квалитетот на услуги кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците, утврден врз основа на критериумите за квалитет | | | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | |
| | Студија за мониторинг на пазарот на железничките услуги и анализа на неговата конкурентност во однос на патниот сообраќај | | | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| | Анализа на пазарот на железнички услуги во насока на обезбедување на услови за либерализација на истиот, заштита на конкуренцијата и унапредување на конкуренцијата меѓу различните видови на транспорт | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| | Анкета на патниците во превозот со железница и анализа на искуството и задоволството на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз | | | | | | | | | | √ | | |
| | Извештај за задоволството на патниците од добиените услуги | | | | | | | | | | | √ | |
| 8 | **Соработка со национални државни органи и регулаторни** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **тела** | | | | | | | | | | | | |
| 9 | **Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците** | | | | | | | | | | | | |
| Активности во рамките на работната група на регулаторните тела за железници на Европската Комисија (DG MOVE) | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Активности во рамките на независната група на регулаторните тела за железници IRG Rail | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Активности во рамките на SEETO | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Соработка со регулаторните тела од земјите од регионот, Словенија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Албанија | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Потпишување на Имплементационен договор помеѓу Агенцијата и регулаторното тело за железници на Република Косово | | | | | | | | | | | √ | √ | √ |

# Б. Финансиски план за Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2013 година

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор со цел извршување на активностите од својот делокруг на работа и во рамките на своите надлежности, а кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр.48/10, 23/11 и 48/12), изврши проценка на расходите по расходни ставки и потставки кои ќе се финансираат од приходите остварени од наплата на Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги, пресметана во согласност со член 108 со Законот за железничкиот систем.

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

Со финансискиот план за 2013 година вкалкулирани се следните приходи:

1. Годишна такса (ненаплатена) за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2012 година – 7.106.629,00 денари
2. Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2013 година – 5.910.000,00 денари
3. Камати за ненавремено подмирување на долг по основ на годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги – 1.200.000,00 денари

Износот од 7.106.629,00 денари - Годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2012 година произлегува од ненаплатени побарувања од 2012 година (кои се пресметани согласно член 108 од Законот за железничкиот систем и за кои уредно се доставени решенија до железничкиот превозник). Со оглед дека Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2012 година не беше наплатена во целост истата година, овие побарувања се пренесуваат и се планираат како приходи во 2013 година.

Износот од 5.910.000,00 денари - Годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2013 година произлегува од пресметката согласно член 108, став 4 од Законот за железничкиот систем, според кој годишната такса изнесува 1,5 % од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура што ја наплатуваат управителите на инфраструктурата од превозниците и тоа од минималниот пакет на услуги и пристапот по пруга до услужни објекти.

Каматите за ненавремено подмирување на долг по основ на годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги од минатите години изнесуваат 1.200.000,00 денари

Вкупно планираните приходи во 2013 година изнесуваат 14.216.629,00 денари.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Во оваа ставка се предвидени средства за набавка на материјали неопходни за нормално извршување на работните задачи од страна на вработените во Агенцијата и тоа за канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените (домашна и странска литература), средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, алат, административни материјали, вода, комунални такси и други материјали со вкупна вредност од 425.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА

Во оваа ставка се предвидуваат средства за подмирување на трошоците за потрошена електрична енергија во износ од 180.000.00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 402 – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Во оваа расходна ставка се вкалкулирани средства за тековно одржување на деловниот простор (мајсторски работи) во вкупен износ од 60.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ

Проценетите средства за оваа категорија на расходи е во вкупен износ од 705.000,00 денари и истите се наменети за: претплата за службен весник, фиксна и мобилна телефонија, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поштенски услуги, интернет пристап, услуги за копирање, печатење, комплетно брендирање на агенцијата и за други услуги.

РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ

Со оглед дека Агенцијата не располага со службено возило, се предвидуваат средства за превозно-транспортни услуги за потребите на вработените, при извршување на своите работни задачи. Проценетиот износ на оваа расходна категорија изнесува 20.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Планираниот износ за оваа ставка изнесува 130.000,00 денари, во која се вкалкулирани трошоци за реклама, пропаганда, репрезентација, прехрамбени продукти, пијалоци и сл.

РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ

Планираните средства од оваа расходна ставка се предвидуваат да бидат искористени за изработка на службени легитимации на вработените на Агенцијата, како и за други материјални расходи потребни за извршување на работните задачи. Средствата кои се предвидуваат во рамките на оваа ставка изнесуваат 45.000,00 денари

РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Средствата од оваа расходна категорија изнесува 30.000,00 денари, а се однесува за провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи.

РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Оваа расходна ставка е планирана во износ од 30.000,00 денари и истите би се користеле за осигурување на деловниот објект и опремата.

РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

Планираниот износ на оваа расходна ставка е проценет на 1.160.000,00 денари, на кој износ се и проценети патните, хотелските и дневните расходи во земјата и странство. Овие службени патувања се потребни за учество на состаноци на работни групи на регулаторните тела од ЕУ од областа на железниците, конференции на регулаторните тела од ЕУ, присуство на семинари, саеми од областа на железниците, соработка со регулаторните тела од ЕУ и соседните земји со цел размена на искуство и сл.

РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ

Во оваа расходна ставка се пресметани надоместоци на трошоци на работниците за користење на сопствено возило за службени цели и останати трошоци предвидено со закон и истите изнесуваат 60.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ

Планираниот износ на оваа расходна категорија изнесува 15.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

Планираните расходи за интелектуални и други услуги за 2013 година се во износ од 4.190.000,00 денари и истите би се користеле за следното:

- Стручно усовршување на вработените преку учество на семинари, конференции што се одржуваат во земјата и странство, а за кои се предвидени износи за котизација, посета на курсеви за јазици и сл;
- Одржување на семинари, конференции на територијата на Република Македонија на кој се планира да земат учество стручни експерти од земјата и странство;
- Користење на консултантски услуги од областа на анализа на пазарот на железничките услуги и други консултантски услуги за изработка на студии за анализа на квалитетот на услугите кои ги даваат инфраструктурната и транспортната компанија, студија за анализа на пазарот на железничките услуги, истражување на јавното мислење;
- Надоместоци по основ на нето примања и патни трошоци на Претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
- Услуги за одржување на веб сајт, инсталација и одржување на компјутерски мрежи, сервер и информатичка опрема;
- Здравствени прегледи на вработените, ревизорски услуги, правни и други видови на услуги.

РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ

Во оваа расходна ставка предвидени се трошоци за објава на огласи, тендери во домашни и меѓународни списанија, судски такси, трошоци за аконтации за данок на непризнаени расходи, објавување на позаконски акти во службен весник и сл. и за истата се предвидени средства во износ од 246.629,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ)

Во оваа расходна ставка предвидени се средства за инвестиционо вложување - реконструкција на деловниот објект, кој е во сопственост на Република Македонија, даден на користење на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор со одлука донесена на ден 19.05.2009 година од Владата на Република Македонија со број 19-1991/1. Средствата од оваа ставка ќе се користат за замена на сите стари прозори со нови и истите изнесуваат 690.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА

Во текот на 2013 година Агенцијата има потреба од доопремување со канцелариски мебел, хардвер за креирање на електронска база на податоци, набавка на софтвер канцелариско работење. За оваа ставка се предвидуваат 1.600.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 460 - ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ

Во оваа ставка се предвидени средства за исплата на нето плати и придонеси од плати за 6 вработени. Предвидениот износ за оваа ставка изнесува 4.500.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 470 - ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТ АТОТ

Планираниот износ на оваа расходна ставка изнесува 130.000,00 денари и се однесува за персонален данок на доход за надоместоци и реализирани трошоци за Управниот одбор на Агенцијата, како и персонален доход кој би произлегол од склучени договори со физички лица, кои би биле ангажирани за потребите на Агенцијата.

Вкупно планирани расходи: 14.216.629,00 денари

Поради нецелосната и задоцнета наплата на средства по основ на Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги во 2012 година, Агенцијата не беше во можност целосно да ја реализира Програмата за работа и развој за 2012 година и поради тоа дел од активностите кои беа планирани во 2012 година се пренесуваат и се планираат со Програмата за работа и развој за 2013 година.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор влегува во сила следниот ден од објавувањето на огласната табла и веб страницата на Агенцијата, по добивање согласност од Собранието на Република Македонија.

**Број: 01-470/1**
**20.11.2012 година**
**Скопје**

**Агенција за регулирање на**
**железничкиот сектор**
**Претседател на Управен**
**одбор**

**Силвана Мојсовска**

**Прилог:**
**Табеларен преглед на финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2013 година**

**ПРИЛОГ 2**

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2013 ГОДИНА

## ПРИХОДИ

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) |
|---|---|---|
| 75101 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2012 година | 7,106,629.00 |
| 75102 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2013 година | 5,910,000.00 |
| | Камати за ненавремено подмирување на долг по основ на Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги | 1,200,000.00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **14,216,629.00** |

## 1. РАСХОДИ

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) |
|---|---|---|
| **400** | **ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ** | **425,000.00** |
| 40001 | Комунални услуги-вода, ѓубрарина и сл. | 25,000.00 |
| 40002 | Списанија весници и др.изданија | 80,000.00 |
| 40003 | Стручна литература | 100,000.00 |
| 40004 | Канцелариски материјали | 110,000.00 |
| 40005 | Средства за хигиена | 30,000.00 |
| 40006 | Ситен инвентар | 50,000.00 |
| 40090 | Други материјали-останато | 30,000.00 |
| **401** | **ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА** | **180,000.00** |
| 40100 | Потрошена електрична енергија | 180,000.00 |
| **402** | **ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА** | **60,000.00** |
| 40200 | Одржување на деловниот простор | 60,000.00 |
| **403** | **ДРУГИ УСЛУГИ** | **705,000.00** |
| 40301 | Телефон, телефакс и интернет | 200,000.00 |
| 40305 | Поштенски услуги | 30,000.00 |
| 40306 | Фотокопирни услуги | 20,000.00 |
| 40307 | Услуги за одржување на хигиена | 120,000.00 |
| 40309 | Службен весник | 15,000.00 |
| 40311 | Сервис и одржување на софтвер за сметководство | 30,000.00 |
| 40312 | Поправка и одржување на опрема | 50,000.00 |
| 40313 | Услуги за брендирање на Агенцијата | 200,000.00 |
| 40390 | Други услуги | 40,000.00 |
| **404** | **ПРЕВОЗНО-ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ** | **20,000.00** |
| 40401 | Превозно-транспортни услуги | 20,000.00 |
| **405** | **ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** | **130,000.00** |
| 40500 | Издатоци за репрезентација | 80,000.00 |
| 40501 | Издатоци за реклама, пропаганда | 50,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **409** | **ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ** | **45,000.00** |
| 40900 | Службени легитимации и визит карти | 20,000.00 |
| 40902 | Други материјални расходи | 25,000.00 |
| **410** | **ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | **30,000.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 15,000.00 |
| 41001 | Провизија за откуп на девизи | 15,000.00 |
| **412** | **ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | **30,000.00** |
| **413** | **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ** | **1,160,000.00** |
| **414** | **НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ** | **60,000.00** |
| **415** | **НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ** | **15,000.00** |
| **417** | **ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ** | **4,190,000.00** |
| 41703 | Обуки за стручно усовршување,семинари, конференции | 850,000.00 |
| 41705 | Надоместоци и трошоци на членови на Управен одбор | 1,000,000.00 |
| 41706 | Услуги за истражување на пазарот | 200,000.00 |
| 41708 | Консултантски услуги-изработка на студии | 1,500,000.00 |
| 41709 | Ревизија на финансиските извештаи-надворешна ревизија | 100,000.00 |
| 41710 | Други услуги-хостинг за интернет страна | 10,000.00 |
| 41711 | Здравствени услуги | 30,000.00 |
| 41788 | Правни/адвокатски услуги | 200,000.00 |
| 41789 | Услуги за одржување на веб сајт и одржување на инф.опрема и мрежа | 250,000.00 |
| 41790 | Други услуги | 50,000.00 |
| **418** | **ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ** | **246,629.00** |
| 41801 | Други оперативни расходи | 20,000.00 |
| 41802 | Данок на добивка(данок на непринаени расходи) | 15,000.00 |
| 41804 | Други расходи-огласи | 201,629.00 |
| 41805 | Судски и нотарски такси | 10,000.00 |
| **440** | **СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **690,000.00** |
| 4401 | Опремување на деловниот објект со прозори | 690,000.00 |
| **441** | **СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА** | **1,600,000.00** |
| 44101 | Средства за канцелариски мебел | 700,000.00 |
| 44106 | Компјутерска опрема (хардвер) | 300,000.00 |
| 44107 | Канцелариска опрема | 150,000.00 |
| 44108 | Средства за друга опрема | 200,000.00 |
| 41790 | Софтвер за канцелариско работење | 250,000.00 |
| **460** | **ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ** | **4,500,000.00** |
| 46001 | Нето плати | 3,000,000.00 |
| 46002 | Придонеси од плати | 1,500,000.00 |
| **470** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **130,000.00** |
| 47001 | Персонален данок | 30,000.00 |
| 47002 | Персонален данок – надоместоци на Управен одбор | 100,000.00 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **14,216,629.00** |

СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2012 И 2013 ГОДИНА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР

1. **ПРИХОДИ**

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) 2013 година | Планиран износ (денари) 2012 година | Споредбен показател на планирани расходи(%) |
|---|---|---|---|---|
| 75101 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2012 година | 7.106.629,00 | 3,351,252.00 | 212.06 |
| 75102 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2013 година | 5.910.000,00 | 9,200,000.00 | 64.24 |
| 770 | Пренос на средства од минатата година | | 1,400,000.00 | |
| 720 | Други приходи | | 50,000.00 | |
| | Камати за ненавремено подмирување на долг по основ на Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги | 1,200,000.00 | | 100.00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **14.216.629,00** | **14,001,252.00** | **92.97** |

2. **РАСХОДИ**

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) 2013 година | Планиран износ (денари) 2012 година | Споредбен показател на планирани расходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 400 | ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ | 425,000.00 | 540,000.00 | 78.70 |
| 401 | ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА | 180,000.00 | 150,000.00 | 120.00 |
| 402 | ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА | 60,000.00 | 100,000.00 | 60.00 |
| 403 | ДРУГИ УСЛУГИ | 705,000.00 | 745,000.00 | 94.63 |
| 404 | ПРЕВОЗНО-ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 20,000.00 | 20,000.00 | 100.00 |
| 405 | ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА,ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 130,000.00 | 170,000.00 | 76.47 |
| 409 | ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ | 45,000.00 | 55,000.00 | 81.82 |
| 410 | ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 30,000.00 | 45,000.00 | 66.67 |
| 412 | ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 30,000.00 | 30,000.00 | 100.00 |
| 413 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 1,160,000.00 | 1,300,000.00 | 89.23 |
| 414 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ | 60,000.00 | 100,000.00 | 60.00 |
| 415 | НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | 15,000.00 | 16,252.00 | 92.30 |
| 417 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ | 4,190,000.00 | 4,140,000.00 | 101.20 |
| 418 | ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ | 246,629.00 | 130,000.00 | 189.71 |
| 440 | СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 690,000.00 | 750,000.00 | 92.00 |
| 441 | СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 1,600,000.00 | 1,980,000.00 | 68.68 |
| 460 | ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ | 4,500,000.00 | 3,600,000.00 | 125.00 |
| 470 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 130,000.00 | 130,000.00 | 100.00 |
| 4 | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **14,216,629.00** | **14,001,252.00** | **101.53** |